


**По повод Новогодишните и Божикните празници излезе од печат монографското дело „Лу Влашо – американски син на Македонија“. Тоа е издание на „Македонска искра“ од Скопје, отпечатено во 2022 година, на 330 страници на англиски и македонски јазик, чии уредници се новинарката Херит Хеитаус од САД и публицистот Славе Катин од Македонија**

**.**

Монографијата „Лу Влашо – американски син на Македонија“ е животна приказна за Лу (Илија) Влашо, роден Американец со македонско потекло од Егејскиот дел на Македонија, познат, признат и доблесен бизнисмен во Соединетите Американски

Држави

Животната приказна на семејството Влашо е многу интересна страница од мозаикот на македонскиот иселенички летопис во САД, но и во пошироките простори на северно-американскиот континент. Лу, чие македонско име е Илија, е познат активист за афирмација на македонското име, јазик, идентитет, култура и традиции во мултиетничката мапа на САД. Животната приказна на семејството Влашо, истовремено, е и скромен дел од историјата на Македонците од Егејска Македонија, на Македонците во иселеништвото и на дедовкста татковина – Македонија.

Бизнисменот Лу Влашо е роден во Кентон, Охајо, а сега живее во Нејплс во Флоридаако, меѓутоа, неговата љубов кон прадедовската земја-Македонија е голема и е вкоренета од воспитувањето што го добил од неговите македонски родители кои го напуштиле родното село Брезница, Леринско, во Егејска Македонија и емигрирале во САД, големата земја, за подобра и сигурна иднина.

Лу Влашо како методист по религија беше близок пријател на починатиот македонски претседател Борис Трајковски исто така методист. Тие како религиски истомисленици помогна во ширењето на визијата на Претседателот за Светската конференција за градење дијалог меѓу религиите во Македонија и во светот, која трае до денес. Повеќе од една деценија, Влашо беше активно вклучен во Годишниот национален молитвен појадок (НПБ) во Вашингтон, Д.Ц. и беше инструмент во воспоставувањето на Појадокот за гостите од Балканот. Заедно со неговиот личен пријател и поранешен сенатор од Охајо, George Воинович, тој беше ко-претседател на годишниот ручек, на кој присуствуваат над 100 лица годишно од Балканот.

Монографското дело „Лу Влашо – американски син на Македонија“ е посветено на доблесниот Македонец, бизнисмен, истакнат хуманист и докажан донатор, духовен-посветеник и горд припадник на својот библиски род и македонската земја, Лу (Илија) Влашо. Тој се залага за афирмација на етничка Македонија Таквата угледна бизнис личност, вљубеник во американскиот и во македонскиот народот насекаде по светот и во својата татковина Македонија, секогаш го водела светата мисла да остави вечни траги за идните македонски генерации.



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**